Врз основа на чл.17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018, 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр.143 /19,14/2020),член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 7 од Статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово бр.21/14) Градоначалникот на општина Босилово донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација на општина Босилово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација Босилово бр.03-172/1 од 26.01.2017 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.03-794/1 од 20.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.04-907/1 од 30.05.2019 година,и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Босилово бр.04-13/1 од 08.01.2020 година.

**Член 2**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово во точка III.Одделение за финансиски прашања ,во работното место со реден број 18,назив на работно место-"Соработник за администрирање на приходи"со шифра УПР0101В03000 делот вид на образование се менува и гласи: **"Организациони работи и управување - маркетинг - менаџмент".**

**Член 3**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово, во точка III.Одделение за финансиски прашања, работното место со реден број 19, назив на работно место"Виш соработник за администрирање на приходи " со шифра УПР0101В02000, СЕ БРИШЕ.

**Член 4**

Во Глава II.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово ,во точката IV.Одделение за комунални дејности и ЛЕР работното место со реден број 26,назив на работното место "Референт-Комунален редар"со шифра УПР0101Г03000 делот Број на извршители се менува и гласи:"2".

**Член 5**

Согласно извршените измени и дополнувања во интерниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Босилово,како составен дел на Правилникот.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Арх.бр.** 04 – 1807
13.08 **2020 година**
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК Босилово ОПШТИНА БОСИЛОВО

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**ЗОРАН ЗИМБАКОВ**